Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 440/1
20-05-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-690/1 од 21.11.2024 година, поднесена од од против Министерство за внатрешни работи за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА од Министерство за внатрешни работи врз лицето од во областа на работа и работни односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 21.11.2024 година лицето од , со адреса на живеење на , поднесе Претставка бр. 08-690/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката, подносителката наведува дека на ден 05.09.2024 година, аплицирала на интерен оглас Бр. 23.6-226 од 05.09.2024 година, за работно место „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање" во Одделение за внатрешни работи Неготино, Сектор за внатрешни работи Велес. На ден 25.10.2024 година, примила Известување по интерен оглас Ре. Бр. 23.2.2-1690/6 од 15.10.2024 година, од Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси, МВР, БЈБ, со кое била известена дека за работното место по наведениот интерен оглас не е избрана. Истакнува, дека во меѓувреме на работното место „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање", започнала со работа избраната кандидатка, но не извршувала работи бидејќи во решението за распоредување не била предвидена обука за работните задачи кои произлегуваат од работното место. Таа имала безбедносен сертификат „доверливо" а потребно е поседување на степен „строго доверливо" и истата доаѓала од друга организациона единица од работно место предвидено за со средно образование и која штотуку го завршила факултетот. Во однос на поставувањето на работник од ОУР Неготино во друга организациона единица во која проблематиката со која ќе работи е нова, таа смета дека ќе отсуствуваат професионалните квалитети во Одделение за статистичко истражување и документирање за Неготино додека работата и понатаму ќе ја извршува самата таа поради потребното време за стекнување со работни знаења на избраната кандидатка.

За подносителката спорно е тоа дали назначената кандидатка била унапредена најмногу три работни места како што тоа го предвидува членот 62 од Колективниот договор на МВР, дали е компатибилен видот на работното место бидејќи претходно

избраната кандидатка работела како референт во Оддел за управни работи Неготино и дали истата поседува потребно образование исполнувајќи ги условите дадени во интерниот оглас. Дополнително на тоа, подносителката смета дека дискриминирана бидејќи како „аналитичар“ во ОВР Неготино работи 16 години, додека со самото нејзино вработување била на работно место „виш аналитичар“, за потоа во 2015 година, да биде симната на работното место „аналитичар“, кога на работното место „виш аналитичар“ бил распореден работник со несоодветно вишо образование. Следствено, од ноември 2020 година, откако работното место „виш аналитичар“ било испразнето, таа веќе четврта година работела сама на двете позиции, по усно зададени задолженија и соочена со голем обем на работа, но и покрај тоа успевала навремено, точно и квалитетно да ги завршува сите задолженија од систематизираните три работни позиции во Одделението за статистичко истражување и документирање за Неготино. Сето тоа го правела без решение од последната систематизација или унапредување. Во однос на нејзиното образование, таа наведува дека кога се вработила во 2008 година, законски биле предвидени вработувања со општествени науки, а таа е со високо образование (педагошки факултет) и работното искуство од 16 години кое според неа не треба да се занемари, бидејќи впрочем законите не се применуваат ретроактивно за да бидат спречени вработените со работно искуство да напредуваат. Истакнува дека со образование од областа на општествените науки имале и раководители, а работната позиција на која таа конкурирала не е раководна. На крајот наведува дека таквиот третман како вработена во МВР, го чувствува како недостоинствен, неморален, неетички и лично и предизвикува нарушување на здравјето, интегритетот и рамноправноста, па бара да се испита работата на Комисијата за распоредување и унапредување која не ги земала во предвид професионалните квалитети на работникот, неговите работни способности и унапредување во согласност со позитивните правни прописи.

Министерството за внатрешни работи по наводите во претставката се изјасни на 27.12.2024 година, со допис бр. 23.6.2.2-143510/1. Тие наведуваат дека со Телеграма бр. 23.6-226 од 05.09.2024 година, објавен е интерен оглас за пополнување на работно место „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање“ во Одделение за внатрешни работи Неготино, Сектор за внатрешни работи - Велес, за кој доставени се две пријави со кои аплицирале работниците [redacted]. Во наведената телеграма, согласно Актот за систематизација на работни места во Министерството за внатрешни работи утврдени се условите 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на Факултет од областа на безбедноста, Правен факултет или Економски факултет со работно искуство од 3 години и познавање на работа со компјутер. На ден 02.10.2024 година, Комисијата за распоредување и унапредување на овластени службени лица одржала работен состанок и притоа донела одлука за избор [redacted] од работно место „референт за управни работи за Велес“ да биде распоредена на работно место „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање“ во Одделение за внатрешни работи Неготино, Сектор за внатрешни работи - Велес. Во однос на тоа, известуваат дека [redacted] има високо образование - Економски факултет со 180 кредити ЕКТС, во моментот на аплицирање

имала 8 години работен стаж и истата во целост ги исполнувала условите наведени во телеграмата. Наведуваат дека избраната не се унапредува за повеќе од три нивоа по систем на кариера, односно истата од „референт за управни работи за Велес“ (категорија Е, ниво Е4) е унапредена во „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање“ (категорија Ѓ, ниво Ѓ3). Со Актот за систематизација на работни места во МВР, за Секторот за внатрешни работи - Велес, Одделение за внатрешни работи Неготино предвидени се „помлад аналитичар за статистичко истражување и документирање“ и „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање“. Понатаму, известуваат дека надлежна комисија формирана од страна на Министерот, при донесување на одлука за избор, во предвид ги зема професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности како и условите за распоредување и унапредување на работниците предвидени во позитивните правни прописи и истата при донесување на одлука за избор на кандидат, има право согласно член 19 од Правилникот за селекција на кандидати да врши увид и да има пристап во сите документи и податоци од персоналните досиеја на кандидатите за распоредување, односно унапредување. Воедно напоменуваат дека подносителката на претставката „аналитичар“ во Отсек за статистичко истражување и документирање, има високо образование - Педагошки факултет, при што истата не го исполнува условот - вид на образование, утврден со Актот за систематизација на работни места во Министерството за внатрешни работи во однос на работното место „виш аналитичар за статистичко истражување и документирање“. Согласно наведеното истакнуваат и дека подносителката доставила барање за доставување податоци за постапувањето по интерен оглас број 23.6-226 од 05.09.2024 година, заведено под број 23.6-124319/1 на 05.11.2024 година, за кое Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси и доставил одговор бр. 23.6.2.2-2266/2 од 12.11.2024 година, кој го доставуваат во прилог.

Кон дописот во прилог доставуваат копија од Телеграма бр. 23.6-226 од 05.09.2024 година; копија од Записник бр. 23.6-713/1 од 02.10.2024 година; копија од Известување бр. 23.6.2.2-1690/6 од 15.10.2024 година; копија од Барање бр. 23.23.2.3-2769/3 од 25.10.20024 година и копија од Одговор бр. 23.6.2.2-2266/2 од 12.11.2024 година.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 62 од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РСМ" бр. 149/2021; 163/2021; 299/2021; 303/2021; 32/2022; 54/2023; 102/2023; 6/2024; 18/2024; 215/2024; 237/2024 и 274/2024):

*Работник може да биде унапреден на друго работно место согласно членот 53 став (1) алинеја 2 од овој колективен договор, доколку ги исполнува следните услови:*

*- работното место на кое се унапредува е слободно;*

*- во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето;*

*- бил оценет со оценки "особено се истакнува", "се истакнува" или "задоволува", под услови утврдени со закон и одредбите од овој колективен договор, доколку е спроведен процес на оценување на работникот;*

*- ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува;*

*- е распореден на работно место кое е најмногу до три работни места пониско од работното место на кое се унапредува;*

*- поминала најмалку една година од неговото последно унапредување;*

*- во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, Колективен договор на Министерството и договор за вработување и*

*-има обуки од областа на работите што се вршат на работното место на кое се унапредува.*

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на Министерството за внатрешни работи, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителката не е сторена директна дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласно член 6 и член 8 став 1 и во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови. Комисијата при утврдување на фактичката состојба ценеше дали постои дискриминаторски основ, дали постои релевантна споредлива ситуација и дали постои повреда на право. Следствено, Комисијата не утврди постапување со кое подносителката била ставена во понеповолна положба во однос на друго лице, засновано на некој дискриминаторски основ. Ова од причини што во конкретниот случај не постои повреда на право, односно подносителката не била избрана за распоредување на предметното работно место, првенствено поради тоа што не го исполнувала условот за видот на високо образование, што не може да претставува понеповолно постапување. Оттука, постапката за избор на кандидат првенствено била спроведена во согласност со релевантните правни прописи, односно не е сторена повреда на право на подносителката, за да следствено се ценат и останатите околности

како услови за исполнување на битието на дискриминацијата, а тоа се релевантен дискриминаторски основ поврзан со повредата и релевантна споредлива ситуација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

1. *Подносителката*
2. *Министерство за внатрешни работи*
3. *Архива на Комисијата*